**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-8813/2025 од 25.11.2025 15:24:46

1107-8813/2025

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/13, 41/2014, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје по барање на по службена должност од податоците во катастарот на недвижности го издава следното

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАПИШУВАЊА

## за КП број 2142/61 КО МАЏАРИ

Со излагањето на јавен увид на податоците, извршен 1938 година на начин и постапка регулирани со Закон за КО Маџари КП.395 нива 2-ра класа со површина од 18680м2, нива 4-та класа со површина од 75052м2 и нива 5-та класа 11400м2, била евидентирана во ПЛ.59 на Жерајиќ Обрен.
Во 1948 година, врз основа на наредба на ревизијата на катастарот Бр. 591/48 (сл.весник бр.8/48) КП. 395 нива 2-ра класа со површина од 18680м2, нива 4-та класа со површина од 75052м2 и нива 5-та класа со 11400м2, била евидентирана во нов ПЛ.175 на Факултетско стопанство „Вардар“.
Во 1979 година, врз основа на Решение за административен пренос УП. Бр. 13-1960/78 и УП. Бр. 13-2026/78 од Собрание на Општина Гази Баба, КП.395 нива 2-ра класа со површина од 17900м2, нива 4 -та класа од 75052м2 и нива 5-та класа од 11400м2 се евидентира во ПЛ.175 на Факултетско стопанство „Вардар“.
Во 1993 година, врз основа на член 5 од законот за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште (сл.весник бр.21/91), КП.395 со непроменета површина се евидентира во ПЛ.175 на РМ-Факултетско Стопанство Вардар с.Трубарево.
Во 2004 година, врз основа на Решение Бр. 01-4397/4/99 од завод за Статистика и Решение Трег. Бр. 11020/98 од Основен Суд Скопје 1, нива 2-ра класа со површина од 18680м2, нива 4-та класа со 75052м2 и нива 5-та класа со 11400м2 се евидентира во ПЛ.175 на РМ-корисник АД за производство и промет на земјоделски и сточарски производи Факултетско Земјоделско Стопанство с.Трубарево.
Во 2008 година, врз основа на Извод од план Бр. 27-964/186/08 од 23.02.2008 година од Општина Гази Баба, Копие од нумерички податоци Бр. 1104/1593/1/08 од 17.03.2008 година од Д.З.Г.Р, Извод од план Бр. 27-964/107 од 26.02.2008 година од Општина Гази Баба, Копие од нумерички податоци Бр. 1104/1591/1 од 18.03.2008 година од Д.З.Г.Р., Извод од план Бр. 27-964/187, Бр. 27-964/104 и Бр. 27-964/125, Копие од нумерички податоци Бр. 1104/1584 и Бр. 1104/1592/1/08 и Бр. 1104/1594/1/08 од Д.З.Г.Р., Решение УП. Бр. 1117/11153/08 и Бр. 1117/11535/08 од 07.10.2008 година од овој сектор и Дополнително Решение УП. Бр. 1117/11153/08 и Бр. 1117/11535/08 од 14.10.08 година од овој сектор, од КП.395 за првпат се оформува КП.395/1 нива 2-ра класа со површина од 17900м2, нива 4-та класа со површина од 67766м2 и нива 5-та класа со површина од 8997м2 и се евидентира во нов ПЛ.3797 на Република Македонија.
Во 2010 година престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Маџари, установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а во примена стапува катастар на недвижности за КО Маџари, установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите.

При устројување на катастарот на недвижностите извршена е нова нумерација за

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-8813/2025 од 25.11.2025 15:24:46

1107-8813/2025

катастарските парцели, така што дел од КП.395/1 (КЗ) КО Маџари настаната е КП број 2142/61 КО МАЏАРИ.
Со излагањето на јавен увид на податоците од премерот за КО Маџари извршен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и стапување во сила на катастарот на недвижностите за КО Маџари во 2010 година, КП.2142/1 нива 1-ва класа со површина од 220352м2 била запишана во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост.
Во 2011 година, врз основа на Решение У. Бр. 25-1755/2 од 11.11.2009 година, службена белешка бр. 1121-1694/2011-1 од 08.04.2011г. од овој сектор, КП.2142/1 нива 1-ва класа со површина од 219837м2, која се запишува во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост и КП.2142/1 нива 1-ва класа со површина од 200м2 која се запишува во ИЛ.66090 на Република Македонија сопственост.
Во истата 2011 година, врз основа на Решение за приватизација У .бр.25-2981/2 од 15.07.2010 год. на Министерство за финансии, Управа за имотно-правни работи,Одделение во Гази Баба ИЛ 316 за КО Маџари од поединечен упис, предмет бр.1113-4067/2011г. од овој сектор, КП.2142/1 нива 1-ва класа со површина од 219837м2, запишана во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост и со површина од 219828м2 се запишува во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост.
Во наредниот период од КП 2142/1 се оформуваат многу други КП, при што КП.2142/1 трпи промени само во однос на површината, но, секогаш била запишана во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост.
Во 2012 година, врз основа на постојна кат. евиденција за поранешна КО Маџари за КП.395/1 евидентирана во П.Л.3797, предмет бр.1126-3311/2012-1 од 20.06.2012г. од овој сектор, од КП.2142/1 нива 1-ва класа со површина од 125723м2 запишана во ИЛ.678 со неутврдено право на сопственост) за прв пат се оформува КП.2142/62 градежно неизградено земјиште со површина од 301м2 и се запишува во новооформен ИЛ.66948 на Република Македонија сопственост.

Заклучно со 25.11.2025 година, други промени нема.

**Овластено лице**

М.П.

**Александар Билински**

(име и презиме, потпис)